# Опис на работни задачи

Експерт за изработка на Анализа на јавното мислење на национално ниво

## Проект: Борба против нелегални шумски активности

## 1. Вовед

Нелегалните шумски активности опфаќаат девијантни појави во шумарскиот сектор кои во најголем дел се однесуваат на нелегалната сеча како појава со најголемо негативно влијание по шумите како природен ресурс од посебен интерес за целото општество како и низа на други појави: непочитување на законските одредби, корупција, злоупотреба на службена положба, несовесно вршење на службата итн.

Нелегалната сеча вклучува незаконско копачење на шуми за други намени на земјиште како што се земјоделство, рударство или инфраструктура, во праксата позната како „нелегална трансформација на шума и шумско земјиште“. Друг аспект на нелегалната сеча е „бесправно сечење на дрвја“ што вклучува поединци кои често пати сечат шума за препродажба или за сопствена потреба (шумска кражба). Нелегалната сеча опфаќа и сеча на шума од лица од својот имот без соодветна документација (дозвола за сеча, доказ за сопственост итн) заради предизвиците и неможноста да ги исполнат сите административни процедури и барања од Законот за шуми.

Нелегалната шумска сеча на меѓународно ниво се дефинира како сеча, преработка, транспорт, купување или продажба на дрво во спротивност со националните и меѓународните закони. Нелегалната сеча има разорно влијание врз шумите воопшто, биодиверзитетот и врз луѓето кои живеат во и околу нив и се потпираат на ресурсите што ги обезбедуваат шумите.

Корупцијата се смета за еден од главните двигатели на нелегалнта сеча и најважниот фактор кој ја овозможува незаконската трговија со дрво. Таа се протега и може да се сретне низ целиот ланец (Value chain) на движење на производот во шумарството. Корупцијата е обично поттикната од недостаток на институционален капацитет за следење и спроведување на постапките предвидени со постојната законска рамка и внатрешна регулатива или пак намерно неспроведување на истата. Честопати таа е придружена со коруптивни плаќања на клучни функционери и политичари за да делуваат на намалување на фунционалноста на системот, со што економски ја ослабуваат државата и ја лишуваат од витални природни ресурси. На овој начин се стимулира зајакнувањето на ткн. маѓепсан круг на слабо владеење и корупција.

На локално ниво, нелегалната сеча е највидливиот дел од еколошкиот криминал, кој е невозможно да се одржи без знаење и „согласност“ на оние кои треба да го потиснат.

Проектот ,,**Борба против нелегални шумски активности”** е финансиран од USDA (United States Department of Agriculture) и се спроведува од Регионален центар за шумарство и рурален развој – РЕФОРД, во непосредна соработка со USFS (United States Forest Service).

За таа цел проектот има потреба од **експерт за изработка на анализа на јавното мислење на национално ниво за нелегалните шумски активности**, што вклучува: предлагање на методологија и анализа на добиените резултати од истражувањето, спроведено според претходно прифатен методолошки пристап.

## 2. Профил и експертиза на апликантите:

Експертите кои се подобни за избор треба да ги поседуваат следните квалификации:

- Лице со завршено високо образование. Повисок степен на образование се смета за предност.
- Да има искуство во спроведување на најмалку 3 слични истражувања по обем во последните 6 години.
- Да има подготвено најмалку две анализи или да е најмалку коавтор на истите во последните 6 години.

Со апликацијата експертот треба да поднесе:

- Финансиска понуда;
- Професионална биографија (CV);
- Референца од спроведени истражувања;
- Референца од подготвени анализи;

Бараните документи мора да бидат испратени по електронска пошта не подоцна од **14.08.2023, 16.00 часот** на contact@refordcentre.org **со содржина на порака**: ***Експерт за изработка на Анализа***

## 3. Специфични задачи

Потребното време за извршување на бараната задача е проценето на 25 работни денови. Во прилог е описот на специфични задачи:

- Подготовка на методологија за спроведување на истражување на репрезентативен примерок на национално ниво. (2 дена, најдоцна до 30 септември 2023);
- Учество во подготовка на содржината на истражувањето. (2 дена, најдоцна до 31 октомври 2023);
- Тестирање на содржината на истражувањето (прашалници, интервјуа, друго). (2 дена, најдоцна до 30 ноември 2023);
- Проверка на квалитет на активности за време на спроведување на истражувањето. (2 дена);
- Сумирање на резултатите од спроведеното истражување во вид на Студија. (15 дена, најдоцна до 30 мај 2024);
- Подготовка и презентација на наодите од истражувањето на национален настан. (2 дена, според предвидениот календар на активности, најдоцна до 30 октомври 2024);

Предвидената задача опфаќа спроведување на истражување помеѓу повеќе фокус групи:

- граѓани кои се крајни корисници на производи од дрво (претежно членови на домаќинства кои купуваат огревно дрво);
- сопственици на приватна шума (корисници на стручно-технички услуги од ЈП Национални Шуми и другите ентитети кои стопанисуваат со шуми во државна сопственост во даденото подрачје);
- сопственици на пилани (корисници на дрво за техничка преработка од државни и од приватни шуми);
- вработени во општини (креатори на политика за локален економски развој);

- припадници на граѓански сектор на локално ниво (особено оние кои работат на полето на добро владеење, корупција, заштита на животна средина);

## 4. Финансиски надомест

Предвидениот надомест за извршување на бараните задачи е во максимален бруто износ од 3,750 (три илјади седум стотини и педесет) американски долари.

## 5. Временска рамка

Времетраењето за спроведувањето на задачата започнува од 01 септември 2023 до 01 30 октомври 2024 година.

## Прилог 1

## Финансиска понуда

| Активност | Денови | Бруто износ за работен ден во USD | Вкупно USD |
|---|---|---|---|
| Подготовка на методологија | 2 | | |
| Учество во подготовка на содржина на истражувањето | 2 | | |
| Тестирање на содржината истржувањето (прашалници, интервјуа, друго) | 2 | | |
| Проверка на квалитет на активности | 2 | | |
| Сумирање на резултатите од спроведеното истражување | 15 | | |
| Подготовка и презентација на наодите од истражувањето | 2 | | |
| **ВКУПНО** | 25 | | |

Име и презиме на експерт

--------------------------------------